Врз основа на член 19 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), член 24 став (1) точка 1) и член 25 став (7) точка 27) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ), Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија по предлог на Управниот одбор, на својата седница одржана на 06.11.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци бр. 0201-387/03 од 21.12.2018 година во натамошниот текст (Правилникот).

**Член 2**

Во актот наведен во член 1 од оваа одлука зборовите ,,Република Македонија,, се заменуваат со зборовите ,,Република Северна Македонија,, , зборот РМ се заменува со зборот ,,РСМ" а зборот „ИОРРМ" се заменува со зборот „ИОРРСМ.

**Член 3**

Во Член 14 ставовите (2) и (3) од Правилникот се менуваат и ќе гласат:

(2) Контролите на квалитетот опфаќаат контрола на политиките и постапките за контрола на квалитет кои ги применува субјектот на контрола, т.е. оценка на усогласеноста со одредбите во меѓународните стандарди за ревизија (МСР) и Меѓународниот стандард за управување со квалитет 1 – Управување со квалитет за фирми кои вршат ревизии или проверки на финансиските извештаи или други ангажмани за уверување или поврзани услуги (МСУК 1) и Меѓународниот стандард за управување со квалитет 2 – Проверки на квалитет на ангажманот (МСУК 2), објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија".

(3) Во текот на контролата на квалитетот која ја спроведува овластениот ревизор кој врши контрола на квалитет, треба да се оцени дали субјектот на контрола воспоставил и одржува систем на контрола на квалитет кој вклучува политики и постапки кои што го земаат во предвид секој од следниве елементи:

а) Процесот за проценка на ризикот на фирмата;

б) Управување и раководење;

в) Релевантни етички барања;

г) Прифаќање и продолжување на односите со клиентите и специфични ангажмани;

д) Извршување на ангажманот;

ѓ) Ресурси;

е) Информации и комуникација;

ж) Процесот на следење и санација.

**Член 4**

Во Членот 19 после ставот (4) се додаваат нови ставови (5) и (6) кои ќе гласат:

(5) Одредбите од членот 14 став (2) и (3) од овој Правилник ќе започнат да се применуваат за ангажмани на ревизии и проверки на историски финансиски информации и други ангажмани за уверување извршени согласно Меѓународните стандарди за ревизија, Меѓународните стандарди за ангажмани за проверка и Меѓународните стандарди за ангажмани за уверување, согласно објавата во (Службен весник на РСМ бр.273/24 од 30.12.2024), а ќе се применуваат како што следи:

- ангажмани за ревизија – за ревизија на финансиски извештаи за финансиски периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година;
- ангажмани за проверка – за проверки на финансиски извештаи за финансиски периоди кои започнуваат на или по 1 јануари 2025 година;
- За сите ангажмани за ревизија/проверка на финансиски извештаи кои се однесуваат на финансиските периоди пред оние што се наведени во ставот (5) од овој член, а истите се прифатени на или по 1 јули 2025 година, ќе се применуваат МСР и Кодексот на етика кои се во важност во моментот на извршување на ревизијата.

(6) За сите ангажмани за ревизија/проверка на финансиски извештаи кои се однесуваат на финансиските периоди пред оние што се наведени во ставот (5) од овој член, а истите се прифатени пред 1 јули 2025 година, ќе се применуваат МСР и Кодексот на етика, објавени во Службен весник на РСМ бр.79/2010.

**Член 5**

Се задолжува Управниот одбор да изработи пречистен текст на Правилникот согласно донесената Одлука за измена на истиот.

**Член 6**

Оваа Одлука за измена на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци стапува во сила на денот на донесување на одлуката, а истата ќа се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

***Образложение***

*Измените и дополнувањата на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци бр. 0201-387/03 од 21.12.2018 година во натамошниот текст (Правилникот), се вршат заради усогласување на актот и називите на институциите со уставното име на државата, како и соодветно ажурирање на Правилникот со измените во Меѓународните стандарди за ревизија и Меѓународните стандарди за контрола на квалитет коишто се објавија и стапуваат во сила од 2025 година, кои што беа објавени во Службен весник на Република Северна Македонија бр.273/24 од 30.12.2024 година.*

Ненад Тортевски

Претседател на ИОРРСМ